## МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА

Врз основа на член 94 и 116 став 7 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Сенатот на Меѓународниот Универзитет во Струга на седницата одржана на 15.03.2019 година донесе:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА СОДРЖИНАТА И ФОРМАТА НА ДИПЛОМАТА, УПАТСТВОТО ЗА ПОДГОТОВКА НА ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА И НА ДРУГИТЕ ЈАВНИ ИСПРАВИ

### I. Општи одредби

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи (уверение и студентска легитимација).

### II. Диплома

**Член 2**

Меѓународниот Универзитет во Струга, издава диплома за стекнато високо образование од прв циклус - академски студии од прв циклус и стручни студии од прв циклус.

Дипломата од став 1 на овој член е во форма на лист со големина 420 x 297 мм.

Дипломата се печати на 125 гр./м2 заштитена хартија, со мултитонски единствен воден жиг за сите високообразовни установи, со флуоресцентни влакна, односно безбедносни елементи во две бои без избелувач.

Во дипломата е втиснат грбот на Република Македонија, изработен во блиндрук техника.

**Член 3**

Дипломата за завршено високо образование од член 2 став 1 на овој правилник ги содржи следните податоци:

Име и грб на Република Македонија;

Во Горната средна страна е напишано на англиски јазик името на Универзитетот ***INTERNATIONAL UNIVERSITY OF STRUGA***;

Под називот на високообразовната установа на англиски јазик се пишува називот на единицата на високообразовната институција;

Во горната лева страна на дипломата има сув жиг со логото на Меѓународниот Универзитет во Струга;

Во Горната средна страна пишува на англиски јазик "***UNIVERSITY DIPLOMA***" а под овој текст пишува **„*For a completed first cycle of the study program*“**. После овој текст стои името на студентот, татковото име и презимето на студентот (на англиски алфабет), потоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на англиски јазик. После тоа е напишано: **„*Completed the university studies in (LAW, ECONOMIC* или *POLTICAL SCIENCES*, *односно* *COMPUTER SCIENCES) total ECTS points 180 and GPA _____ and has obtained the title*„** после што се наведува стекнатото звање а под тоа се наведува и обласа на дипломирање на англиски јазик.

На левата страна на Македонски јазик пишува: ***МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА***, после тоа ***„Факултет за _________________ (правни, економски, политички науки или информатичка технологија) - Струга“,*** под тоа пишува ***„Диплома“*** а под тој збор пишува ***„За завршен прв циклус на студии“*** , под тоа е напишано името на студентот, татково име и презиме на студентот (на македонски јазик), а под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на македонски јазик, под тоа е напишано: ***„завршил/а универзитетски студии по _____________ (ПРАВНИ, ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ НАУКИ ИЛИ ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА) вкупно ЕКТС 180 и просечна оценка _____ и се стекна со академско/стручно звање“***, под тоа се наведува стекнатото звање на македонски јазик: ***____________ (ПРАВНИК, ЕКОНОМИСТ, ПОЛИТИКОЛОГ или ДИПЛОМИРАН ИНЖЕНЕР ПО КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ)., а под тоа се наведува и областа на дипломирање.***

А на десната страна на Албански јазик стојат зборовите: "***UNIVERSITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË***", под тоа "***Fakulteti i Shkencave _____________*** (Juridike, Ekonomike, Politike ose Teknologjisë Informative)", под тоа пишува ***"Diplomë"*** а под тој збор пишува ***"Për mbarimin e ciklit të parë të studimeve"***, под тоа е напишано Името на студентот, татково име и презиме на студентот (на албански јазик), а под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на албански јазик, под тоа е напишано: ***“ka mbaruar studimet universitare të SHKENCAVE ______________ (JURIDIKE, EKONOMIKE, POLITIKE ose TEKNOLOGJI INFORMATIVE)“ gjithsej ECTS 180 nota mesatare _______ dhe mori thirrjen profesionale***", под тоа се наведува стекнатото звање на албански јазик: ***___________________ (JURIST, EKONOMIST, POLITOKOLOG ose INXHINIER I SHKENCAVE KOMPJUTERIKE) , а под тоа се наведува и областа на дипломирање*** **на албански јазик.**

Во средина на Дипломата стои слика од завиткана и подврзана диплома;
Под сликата од завитканата и подврзана диплома стои место и датум на дипломирање;
Потоа во левата долна страна на дипломата на Англиски Јазик, Македонски Јазик и на Албански Јазик е напишано ***Декан на Факултетот за (Правни, Економски и Политички науки или Информатичка технологија) ____________*** - името на Деканот и место за потпис;
Во десната долна страна на дипломата на Англиски Јазик, Македонски Јазик и на Албански Јазик е напишан ***Ректор на Универзитетот*** и името на Ректорот, како и место за потпис;
Во долната средна страна на дипломата стои местото за Сув Печат на Меѓународниот Универзитет во Струга со златна боја.

*Задна страна на Дипломата*

На задната страна на дипломата во горната десна страна стои сувиот жиг со логото на Меѓународниот Универзитет во Струга;
Во средината на задната страна на дипломата на три јазици Англиски Јазик, Македонски Јазик и Албански Јазик се напишани податоците: ***Бр. на досие*** на дипломираниот студент;
Под бројот на досие, на Англиски, Македонски и Албански јазик стои **Сериски бр и број на Дипломата**;
Под сериски број и број на дипломата на дипломата на Англиски, Македонски и Албански јазик е напишано "**Основач на високообразовната установа**" а под тоа стои **EURO COLLEGE - STRUGA**.
Под тоа на на три јазици Англиски, Македонски и Албански Јазик е напишано: **„Број и датум на решението за почеток со работа издадено од Министерството за Образование“** и Наука и број на решението.

Понатака следи ***Место и датум на издавање на дипломата*** на Англиски, Македонски и Албански Јазик.

Во средина на сите горенаведени податоци на задната страна на Дипломата има и печат на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Член 4**

Меѓународниот Универзитет во Струга издава диплома за стекнатиот високообразовен степен од втор циклус последипломски академски студии, и на интегрирани студии од прв и втор циклус.

Дипломата од став 1 на овој член е во вид на лист, со големина 420 x 297 мм.

Дипломата се печати на 125 гр./м2 заштитена хартија, со мултитонски единствен воден жиг за сите високообразовни установи, со флуоресцентнти влакна, односно безбедносни елементи во две бои без избелувач.

Во дипломата е втиснато логото на Меѓународниот Универзитет во Струга, изработен во блиндрук техника.

**Член 5**

Дипломата за завршено високо образование од член 4 став 1 на овој правилник ги содржи следните податоци:

Име и грб на Република Македонија;
Во Горната средна страна е напишано на англиски јазик името на Универзитетот ***INTERNATIONAL UNIVERSITY OF STRUGA*** ;
Под називот на високообразовната установа на англиски јазик се пишува називот на единицата на високообразовната институција;
Во горната Лева страна на дипломата има сув жиг со логото на Меѓународниот Универзитет во Струга;
Во Горната средна страна пишува на англиски јазик "***UNIVERSITY DIPLOMA***" а под тоа пишува ***„For a completed second cycle of the study program“*** , а под тоа се пишува името на студентот, татковото име и презимето на студентот (на англиски алфабет), под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на англиски јазик, под тоа е напишано: ***„Completed the university studies in (LAW, ECONOMIC или POLTICAL SCIENCES***, односно ***ENGINEER IN COMPUTER SCIENCES) total ECTS points 120 and GPA _____ and has obtained the title„*** под тоа се наведува стекнатото звање на англиски јазик ***MASTER OF _______________ (LAW, POLITICAL, ECONOMIC SCIENCES или COMPUTER SCIENCES. , а под тоа се наведува и областа на дипломирање*** **на англиски јазик.**

Потоа на левата страна на Македонски јазик пишува: ***МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА,*** под тоа ***„Факултет за ___________________ (правни, економски, политички науки или информатичка технологија) - Струга“,*** под тоа пишува ***„Диплома“*** а под тој збор пишува ***„За завршен втор циклус на студии“*** , под тоа е напишано Името на студентот, татково име и презиме на студентот (на македонски јазик), а под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на македонски јазик, под тоа е напишано: ***„завршил/а универзитетски студии по ______________ (ПРАВНИ, ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ НАУКИ ИЛИ ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА) вкупно ЕКТС 120 и просечна оценка _____ и се стекна со академско/стручно звање“***, под тоа се наведува стекнатото звање на македонски јазик: ***МАГИСТЕР ПО _____________ (ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ПОЛИТИЧКИ НАУКИ или МАГИСТЕР ПО КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ) , а под тоа се наведува и областа на дипломирање.***

А на десната страна на Албански јазик стојат зборовите: *"**UNIVERSITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË**"*, под тоа *"**Fakulteti i Shkencave ____________ (Juridike, Ekonomike, Politike ose Teknologjisë Informative)**"***,** под тоа пишува *"**Diplomë**"* а под тој збор пишува *"**Për mbarimin e ciklit të dytë të studimeve**"*, под тоа е напишано името на студентот, татково име и презиме на студентот (на албански јазик), а под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на албански јазик, под тоа е напишано: "***ka mbaruar studimet universitare të SHKENCAVE _____________ (JURIDIKE, EKONOMIKE, POLITIKE ose TEKNOLOGJI INFORMATIVE)" gjithsej ECTS 120 nota mesatare _______ dhe mori thirrjen profesionale/akademike***", под тоа се наведува стекнатото звање на албански јазик: ***MAGJISTËR I SHKENCAVE__________________ (*JURIDIKE, EKONOMIKE, POLITIKE ose MAGJISTËR I SHKENCAVE KOMPJUTERIKE)** . ***, а под тоа се наведува и областа на дипломирање*** **на албански јазик.**

Во средина на Дипломата стои слика од завиткана и подврзана диплома;
Под сликата од завитканата и подврзана диплома стои место и датум на дипломирање;
Потоа во левата долна страна на дипломата на Англиски Јазик, Македонски Јазик и на Албански Јазик е напишано ***Декан на Факултетот за (Правни, Економски и Политички науки или Информатичка технологија) ____________*** - името на Деканот и место за потпис;
Во десната долна страна на дипломата на Англиски Јазик, Македонски Јазик и на Албански Јазик е напишан ***Ректор на Универзитетот*** и името на Ректорот, како и место за потпис;
Во долната средна страна на дипломата стои местото за Сув Печат на Меѓународниот Универзитет во Струга со златна боја.

*Задна страна на Дипломата*

На задната страна на дипломата во горната десна страна стои сувиот жиг со логото на Меѓународниот Универзитет во Струга;
Во средината на задната страна на дипломата на три јазици Англиски Јазик, Македонски Јазик и Албански Јазик се напишани податоците: ***Бр. на досие*** на дипломираниот студент;
Под бројот на досие, на Англиски, Македонски и Албански јазик стои ***Сериски бр и број на Дипломата;***
Под сериски број и број на дипломата на дипломата на Англиски, Македонски и Албански јазик е напишано "***Основач на високообразовната установа***" *а под тоа стои* ***EURO COLLEGE - STRUGA***.
Под тоа на на три јазици Англиски, Македонски и Албански Јазик е напишано: ***„Број и датум на решението за почеток со работа издадено од Министерството за Образование"*** и Наука и број на решението.

Понатака следи ***Место и датум на издавање на дипломата*** на Англиски, Македонски и Албански Јазик.

Во средина на сите горенаведени податоци на задната страна на Дипломата има и печат на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Член 6**

Меѓународниот Универзитет во Струга издава диплома за стекнатиот високообразовен степен од трет циклус последипломски академски студии.
Дипломата од став 1 на овој член е во вид на лист, со големина 420 x 297 мм.
Дипломата се печати на 125 гр./м2 заштитена хартија, со мултитонски единствен воден жиг за сите високообразовни установи, со флуоресцентнти влакна, односно безбедносни

елементи во две бои без избелувач.

Во дипломата е втиснато логото на Меѓународниот Универзитет во Струга, изработен во блиндрук техника.

**Член 7**

Дипломата за завршено високо образование од член 6 став 1 на овој правилник ги содржи следните податоци:

Име и грб на Република Македонија;
Во Горната средна страна е напишано на англиски јазик името на Универзитетот ***INTERNATIONAL UNIVERSITY OF STRUGA ;***
Под називот на високообразовната установа на англиски јазик се пишува називот на единицата на високообразовната институција;
Во горната Лева страна на дипломата има сув жиг со логото на Меѓународниот Универзитет во Струга;
Во Горната средна страна пишува на англиски јазик "***UNIVERSITY DIPLOMA***" а под тоа пишува ***„For a completed third cycle of studies“,***под тоа пишува ***“The rector of the Inernational University of Struga and the Dean of the Faculty of Economic Sciences certify that“*** а под тоа се пишува името на студентот, татковото име и презимето на студентот (на англиски алфабет), под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на англиски јазик, под тоа е напишано: ***„Based on the defeded doctoral dissertation on ________________“ (се пишува датум н одбрана да дисертација) а под тоа стои „Completed the university studies in*** **(LAW, ECONOMIC или POLTICAL SCIENCES**, односно ***ENGINEER IN COMPUTER SCIENCES****)* ***total 180 ECTS and acquired right on a scientific degree,,*** под тоа се наведува стекнатиот степен на англиски јазик ***DOCTOR OF ____________*** **(LAW, POLITICAL, ECONOMIC SCIENCES или COMPUTER SCIENCE).**

Потоа на левата страна на Македонски јазик пишува: ***МЕЃУНАРОДЕН УНИВЕРЗИТЕТ ВО СТРУГА,*** под тоа "За завршен трет циклус на студии Ректорот на Меѓународниот Универзитет во Струга и Деканот на факултетот за _____________ (економски, правни, политички науки или информатичка технологија), потврдуваат дека под тоа е напишано името на студентот, татково име и презиме на студентот (на македонски јазик), а под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на македонски јазик, под тоа е напишано: ***„со одбраната на докторската дисертација на _____________*** (се пишува ден на одбрана на дисертација), а под тоа пишува *“**завршил/а трет циклус на студии со вкупно 180 ЕКТС и стекна правно на научен степен** “* под тоа се наведува стекнатиот степен на македонски јазик ***“ДОКТОР НА__**__________* **(ПРАВНИ, ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ НАУКИ ИЛИ ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА) “**.

А на десната страна на Албански јазик стојат зборовите: ***"UNIVERSITETI NDËRKOMBËTAR NË STRUGË"***, под тоа пишува ***"Diplomë Universitare",*** под тоа ***"Për kryerjen e ciklit të tretë të studimeve Rektori i Universitetit Ndërkombëtar të Strugës dhe Dekani i fakultetit të Shkencave ______________*** **(Juridike, Politike, Ekonomike или Teknologjisë Informative),** ***vërtetojnë se,*** под тоа е напишано името на студентот, татково име и презиме на студентот (на албански јазик), а под тоа се пишуваат податоците во врска со денот и местото на раѓање на албански јазик, под тоа е напишано**:** ***“me mbrojtjen e disertacionit të doktoraturës më _____________ (Shënohet dita e mbrojtjes së disertacionit) ka kryer studimet e ciklit të tretë me gjithsej 180 ECTS dhe fitoi të drejtën për thirrjen shkencore***, под тоа се наведува стекнатиот степен на албански јазик: ***DOKTOR I SHKENCAVE________________*** **(JURIDIKE, EKONOMIKE, POLITIKE ose DOKTOR I SHKENCAVE KOMPJUTERIKE).**

Во средина на Дипломата стои слика од завиткана и подврзана диплома;
Под сликата од завитканата и подврзана диплома стои место и датум на дипломирање;

Потоа во левата долна страна на дипломата на Англиски Јазик, Македонски Јазик и на Албански Јазик е напишано ***Декан на Факултетот за (Правни, Економски и Политички науки или Информатичка технологија)*** ____________ - името на Деканот и место за потпис;
Во десната долна страна на дипломата на Англиски Јазик, Македонски Јазик и на Албански Јазик е напишан ***Ректор на Универзитетот*** и името на Ректорот, како и место за потпис;
Во долната средна страна на дипломата стои местото за Сув Печат на Меѓународниот Универзитет во Струга со златна боја.

*Задна страна на Диплома*

На задната страна на дипломата во горната десна страна стои сувиот жиг со логото на Меѓународниот Универзитет во Струга;
Во средината на задната страна на дипломата на три јазици Англиски Јазик, Македонски Јазик и Албански Јазик се напишани податоците: ***Бр. на досие*** на дипломираниот студент;
Под бројот на досие, на Англиски, Македонски и Албански јазик стои ***Сериски бр и број на Диплома;***
Под сериски број и број на диплома на дипломата на Англиски, Македонски и Албански јазик е напишано ***"Основач на високообразовната установа"*** а под тоа стои ***EURO COLLEGE - STRUGA***.
Под тоа на на три јазици Англиски, Македонски и Албански Јазик е напишано: ***„Број и датум на решението за почеток со работа издадено од Министерството за Образование“*** и Наука и број на решението.

Понатака следи ***Место и датум на издавање на дипломата*** на Англиски, Македонски и Албански Јазик.

Во средина на сите горенаведени податоци на задната страна на Диплома има и печат на Меѓународниот Универзитет во Струга.

## III. Додаток на дипломата

### Член 8

Меѓународниот Универзитет во Струга со диплома издава и додаток на дипломата.
Додатокот на дипломата од став 1 на овој член е во вид на лист, со големина 219 x 297 мм, во основна сепиа боја, и содржи 4 четири страници, меѓусебно поврзани.

### Член 9

Додатокот на дипломата од член 8 од овој правилник содржи:

**на првата страна** лого, име и седиште на високообразовната установа, односно научниот институт; лого, име и седиште на единицата во состав на високообразовната установа; назив:

**„ДОДАТОК НА ДИПЛОМАТА“;**
податоци за носителот на диплома (име, име на родител и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број);
податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација; име на квалификацијата;

име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите;
име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ја издава дипломата;
име и статус на високообразовната установа, односно научниот институт која ги реализира студиите доколку е различна од установата која ја издава дипломата;
јазик на наставата; податоци за нивото на на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии);
ниво на квалификацијата; траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити);
услови за запишување на студиската програма, податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни);
барања и резултати на студиската програма кои помагаат да се разбере кои знаења, вештини и компетенции ги стекнува студентот кој ги завршил наведените студии;
податоци за студиската програма (насока/модул, оценки и ЕКТС кредити);
систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките);
просечна оценка во текот на студиите.

**Втората страна содржи:**

податоци за користење на квалификацијата: пристап до понатамошни студии;
професионален статус (ако е применливо); дополнителни информации: дополнителни информации за студентот;
дополнителни информации за високообразовната установа, односно научниот институт: (име на установата, адреса, телефон, Е-пошта, веб и сл.);
заверка на додатокот на дипломата: датум и место;
име и потпис;
функција на потписникот и печат, податоци за системот на високото образование во Република Македонија: видови високообразовни установи, односно установи што вршат високообразовна дејност;
вид на студии; акредитација на високообразовната установа, односно установа што врши високообразовна дејност, структура на високообразовните универзитетски (академски) студиски програми;
структура на високообразовните стручни студии;
услови за запишување на студиите; систем на оценување.

**Третата страна** ја содржи шемата на образовниот систем на Република Македонија.

## IV. Други јавни исправи

### Член 10

Високообразовната установа издава уверение за завршениот дел од студиската програма за прв, втор и трет циклус, кое содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

Уверението е составен дел на додатокот на дипломата.

Уверението од став 1 на овој член е во вид на лист, со големина 219x297 мм, во бела боја.

### Член 11

Уверението за положени испити од прв циклус содржи:
грб и име и седиште на Меѓународниот Универзитет во Струга, лого, име и седиште на единицата на високообразовната установа;
број на досие;

законскиот основ за издавање на уверението (членот од законот и број на „Службен весник на Република Македонија“, како и член од статутот на високообразовната установа) во (седиште);
име и седиште на единицата што го издава уверението;
назив: „УВЕРЕНИЕ за положени испити од прв циклус“;
податоци за студиската програма: име на студиската програма, насока/оддел/модул;
податоци за студентот: име, име на родител и презиме (претходни презимиња за студентите со променето презиме), матичен број, датум, место, општина и држава на раѓање, државјанство;
учебна година на запишување на студиите; податоци за положените испити: реден број, код, назив на предметот, фонд на часови, оценка (со број), оценка (описно), ЕКТС кредити, статус на предметот (задолжителен, изборен);
податоци за делумно реализирана студиска програма: број на испитите кои ги положил студентот од вкупниот број на испити предвидени со студиската програма и стекнати ЕКТС кредити;
податоци за целосно реализирана студиска програма: студентот ги извршил сите обврски по студиската програма, со просечна оценка,со ЕКТС кредити и се стекнал со академски/стручен назив;
потпис и печат на раководниот орган на високообразовната установа.

**Член 12**

Уверението за студиите од втор циклус содржи:

На првата страна лого на Меѓународниот Универзитет во Струга;
законскиот основ за издавање на уверението (чле нот од законот и број на службениот весник, како и член од статутот на високообразовната установа) во (седиште);
назив: **Уверение за положени испити од втор циклус;**
податоци за носителот на дипломата (име, средно име и презиме, датум, место и држава на раѓање и матичен број);
податоци за стекнатата квалификација: датум на издавање на дипломата за стекнатата квалификација;
име на квалификацијата;
име на студиската програма, односно главното студиско подрачје, поле и област на студиите;
податоци за степен (циклус) на квалификацијата: вид на квалификацијата (академски/стручни студии);
степен (циклус) на квалификацијата;
траење на студиската програма (искажано во години и ЕКТС кредити);
податоци за содржините и постигнатите резултати: начин на студирање (редовни, вонредни);
систем на оценување (шема на оценки и критериуми за добивање на оценките);
просечна оценка во текот на студиите;
професионален статус (ако е применливо);
дополнителни информации: дополнителни информации за студентот;
заверка на додатокот на дипломата: датум и место;
име и потпис;
функција на потписникот и печат.
го одбранил завршниот труд под наслов:__________________, датум на одбраната на завршниот труд, стекнат стручен/научен назив ____________;
потпис и печат на раководниот орган на високообразовната установа.

## Член 13

Уверението за положени испити од трет циклус содржи: грб и име на Република Македонија, грб, име и седиште на високообразовната установа, односно научниот институт, лого, име и седиште на единицата на високообразовната установа;
број на досие; законскиот основ за издавање на уверението (членот од законот и број на „Службен весник на Република Македонија“, како и член од статутот на високообразовната установа, односно научниот институт) во (седиште);
име и седиште на единицата што го издава уверението;
име „УВЕРЕНИЕ за положени испити од трет циклус“;
податоци за студиската програма: име на студиската програма, насока/оддел/модул
податоци за студентот: име, име на родител и презиме (претходни презиња за студентите со променето презиме), матичен број, датум, место, општина и држава на раѓање, државјанство;
учебна година на запишување на студиите;
податоци за положените испити: реден број, код, назив на предметот, фонд на часови, оценка (со број), оценка (описно), ЕКТС кредити, статус на предметот (задолжителен, изборен);
податоци за делумно реализирана студиска програма: број на испитите кои ги положил студентот од вкупниот број на испити предвидени со студиската програма и стекнати ЕКТС кредити, пријавен докторски труд под наслов: ______________;
податоци за целосно реализирана студиска програма: студентот ги извршил сите обврски од студиската програма, со просечна оценка ____, со ______ ЕКТС кредити;
го одбранил докторскиот труд под наслов:____________________, датум на одбраната на докторскиот труд, стекнат научен назив ____________;
потпис и печат на раководниот орган на високообразовната установа, односно научниот институт.

## Член 14

Високообразовната установа на студентот му издава студентска легитимација.
Студентската легитимација од став 1 на овој член се печати со големина 85x54мм.

Студентската легитимација ги содржи следните по датоци: Лого на Меѓународниот Универзитет во Струга; име и седиште на високообразовната установа; име и седиште на единицата; година на издавање; назив: „СТУДЕНТСКА ЛЕГИТИМАЦИЈА"; место за фотографија на студентот; име и презиме на студентот; сериски број на студентската легитимација; студентски идентификациски број, датум на раѓање; година на истекување на важноста; потпис на овластеното лице на високообразовната установа.

## Член 15

Дипломата и додатокот на дипломата за припадниците на заедницата која зборува службен јазик различен од македонскиот јазик, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, а кои наставата ја следат на службен јазик различен од македонскиот јазик, се издава на македонски јазик и кирилско писмо и на јазикот и писмото на таа заедница, доколку така е утврдено со статутот на универзитетот и е со големина 290x420 мм.

## Член 16

Јавните исправи од овој правилник се издаваат за студиски програми наведени во решението за акредитација и решението за почеток со работа.

## Член 17

Овој правилник стапува во сила веднаш после потпишувањето на одлуката од сенатот од страна на Ректорот на Меѓународниот Универзитет во Струга.

**Претседател на Сенат на МУС**

**Доц. Д-р Назмије Мерко Забзун**